РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. ________________од ________________год.

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), и согласно член 118 став 3 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/2015, 129/15, 192/15 и 39/16), а постапувајќи по Барањето за целосен пренос под бр. 11-1949/1 од 07.04.2017 год на ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци, за Асфалтна база. Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# Р Е Ш Е Н И Е

За Целосен пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план за ДГР ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ, Скопје на операторот ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци

## Образложение

На ден 07.04.2017 година од страна на ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци, доставено е барање за целосен пренос на А- Дозвола за усогласување со оперативен план со пополнет образец со потпис и печат од страна на носителот на дозволата ДГР ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ, Скопје и превземачот на дозволата ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци . Согласно Договорот за Купопродажба склучен на ден 26.01.2017 и нотарската заверка направена на 28.02.2017 со број ОДУ реден број 47/17 , ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци е нов

сопственик на инсталацијата за која е издадена предметната дозвола. Согласно член 118 став 1 од Законот за животна средина и просторно планирање ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14,44/15и 39/16 ) Министерот за животна средина и просторно планирање извршува целосен пренос на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-769/1од 23.01.2013 год , од операторот од која се пренесува дозволата ДГР ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ, Скопје, на операторот на кој се пренесува дозволата – ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци .Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение операторот може да изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена единствено во однос на задолжителните услови утврдени во дозволата, а кои не биле предвидени во Нацртот на дозволата или за кои операторот дал забелешки, а не биле прифатени од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Фатос Балиу
Контролирал/Одобрил: Назим Алити
Согласен: в.д.Директор на управа за животна средина
Билјана Зефиќ